



# Гибсон:Владата да ја поттикне бизнис климата

15/04/2009 14:52:00




**За полесно да се справиме со светската економска криза, бизнисот треба да ги смени своите стратегии на делување и да ги прилагоди со новите потреби**

на потрошувачите, смета познатиот американски експерт Роуан Гибсон, кој учествуваше на конференцијата на тема „Како да се профитира во услови на рецесија“ која се одржа во Скопје. Гибон го спомна случајот на фабриката на автомобили „Хјундаи“ во САД која им овозможува на потрошувачите во случај да го изгубат работното место, една година по купувањето на возилото да го вратат и на тој начин да го отстранат стравот кај потрошувачите и да ја вратат довербата која недостасува во услови на криза.

„Кризата е за сите, таа е општа, но сепак ако имаме криза тоа значи дека имаме нови можности. Значајно е како можеме да ги искористиме овие можности и како да ги стимулираме потрошувачите да купуваат во време на криза. Најдобриот начин да го сториме ова е соработката на владата со приватниот сектор.“

Гибсон вели дека владата треба да го охрабри отворањето на нови претпријатија, кои треба да ги субвенционира и на истите на крајот на годината да им ги врати даноците, со цел да опстанат и во услови на криза. Друг добар начин, според него е и привлекување на странски инвестиции.

“Владата треба да ги поттикне претприемачите во земјава и да поттикне создавање на нови бизниси, да го поттикне создавањето на малите претпријатија кои ќе имаат само еден, двајца или тројца вработени и токму тука лежи тајната на успехот“

Американскиот експерт вели: бидејќи 20 – 35 отсто од лицата способни за работа во Македонија се невработени, владата треба да најде начини да ги вработи.
Наим Вренези